**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5975/**

# З А П И С Н И К

**Од 259.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 14.10.2024 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Захарија Вулгаракис-Директор на МТВ и Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси во МРТ. |

Седницата започна во 11.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Предложено беше четвртата точка од дневниот ред да се разгледува на првата наредна седница на Програмскиот совет на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ по расправата едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 258.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ.

3. Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

4. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 258.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 258.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 258.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 258.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по однос на оваа точка од дневниот ред достави на разгледување пред присутните членови на советот Барање од страна на Директорот на МРТ, а во врска со член 124 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и член 37 став 2 и 3 од Статутот на ЈРП МРТ, за добивање согласност за именување на Одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ.

Исто така од одржана седница на Уредништвото на МРТ беше доставено Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ.

По одржаната расправа, Барањето за добивање согласност за назначување на Одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ да биде именувана Анета Андонова беше ставено на гласање.

■**Барањето за добивање согласност за Одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ да биде именувана Анета Андонова,** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ даде согласност за именување на Анета Андонова за Одговорен уредник на Собраниски програмски сервис на МТВ.

ТОЧКА3:**Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по однос на оваа точка од дневниот ред достави на разгледување пред присутните членови на советот Барање од страна на Директорот на МРТ, а во врска со член 124 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и член 37 став 2 и 3 од Статутот на ЈРП МРТ, за добивање согласност за именување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

Исто така од одржана седница на Уредништвото на МРТ беше доставено Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

По одржаната расправа, Барањето за добивање согласност за назначување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ да биде именуван Драган Николовски беше ставено на гласање.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

■**Барањето за добивање согласност за Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ да биде именуван Драган Николовски** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ даде согласност за именување на Драган Николовски за Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 12.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател